## СТАТИСТИКИ




Активни членови 2012 - 2016




Посети на организирани семинари од Комората, 2012-2016




Матични активни членови на одделенија
заклучно со 31.12.2016



## КОНТАКТ

Комора на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

Бул. Партизански одреди бр. 29
Трговски центар Буњаковец, лок 15 (2 кат)
1000 Скопје

Тел: +389 2 3222 356
www.komoraoai.mk
contact@komoraoai.mk




# КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers






## ЗА КОМОРАТА

Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (КОАИ) ги обединува сите инженерски струки во Република Македонија и претставува единствена овластена институција која издава овластувања на инженерите и архитекти од Република Македонија, од аспект на нивните професионални компетенции.

КОАИ издава и потврди на овластувања на странски инженери и архитекти кои работат во Република Македонија.

Во Комората членуваат повеќе од 7000 инженери и архитекти од кои околу 3000 активно ги користат своите овластувања.

Органи на Комората се Собрание на Комората, Управен одбор, Надзорен одбор, Претседател на Комората кој е воедно и Претседател на Управниот одбор и стручни служби на Комората со кои раководи Генерален секретар.

Комората членува во Европскиот Совет на Инженерски Комори (ECEC), во Светската Федерација на Инженерски Организации (WFEO) и Инженерската Иницијатива за регионална соработка (IIRS).

## ПРОФЕСИОНАЛНИ ОДДЕЛЕНИЈА

Комората има 12 професионални одделенија за секоја инженерска струка, прикажани подолу редоследно според префиксот на издадените овластувања:

Одделение на урбанисти и планери
Одделение на архитекти
Одделение на градежни инженери
Одделение на машински инженери
Одделение на електроинженери
Одделение на сообраќајни инженери
Одделение на инженери по геологија и геотехника
Одделение на инженери за животна средина
Одделение на геодетски инженери
Одделение за инженери по заштита при работа и противпожарна заштита
Одделение на технолози и металурзи
Одделение за енергетска ефикасност
и
Комисија за потврдување на странски овластувања

Комората има активна улога во континуираниот професионален развој на архитектите и инженерите во Република Македонија. Дополнително, Комората организицски и финансиски поддржува бројни инженерски симпозиуми, конгреси и други стручни настани организирани од други инженерски здруженија во државата. Комората секоја година ги наградува најдобрите студенти на инженерски науки, со инженерски прстен под покровителство на Претседателот на Република Македонија.

## ВИЗИЈА

Позиционирање на Комората на овластени архитекти и овластени инженери како активен чинител во развојот на инженерската струка и зајакнување на улогата на инженерите во општеството и рамноправен и релевантен член на меѓународната инженерска заедница.

## ДЕЈНОСТИ

- Континуиран професионален развој на своите членови преку организација на обуки,
- Издавање и продолжување на овластаувања за домашни и странски инженери и архитекти
- Издавање на стручно списание ПРЕСИНГ
- Нострификација на странски проекти
- Подршка на стручни инженерски здруженија во државата
- Организирање на семинари, конференции и други стручни настани




## МИСИЈА

Комората да го искористи своето влијание и авторитет и преку соработка со релевантните институции да изврши унапредување на условите за инженерска работа, подобрување на законски и подзаконски акти во интерес на архитектите и инженерите во Република Македонија